Со веќе девет години постоење, Паратисима е еден од клучните уметнички настани во ноември, месецот на современата уметност во Торино, а во 2012-та година е прогласена за најпосетената иницијатива на ниво на Италија (податоци преземени од едиторијалот за уметност) со околу 117.000 посети во период од 5 дена.

Паратисима привлекува уметници, креативци, фотографи, сликари, писатели, режисери, стилисти и емергентни дизајнери и афирмирани уметници кои сакаат да експериментираат во динамична средина и пред широка публика. Целта на Паратисима е да ја поддржи креативноста во сите нејзини формати, овозможувајки високо квалификуван простор кој е полн со енергија. Последното издание на Паратисима привлече 606 автори, 58 уметнички перформанси и повеќе од 180 настапи во живо.

Паратисима е независиен и самоодржлив настан кој не се потпира на јавните фондови. Уписите за учество на уметниците, комерцијалните активности и приватните спонзорства се основниот приход за оддржливост на иницијативата. Паратисима се разликува од другите уметнички фестивали по тоа што за посета на фестивалот не се наплаќа билет, додека за учество во фестивалот не постои селекција, туку во рамките на просторот каде што се одржува, со помош на фестивалскиот уметнички директор и куратор, соодветно се сместуват авторските поставки.

## Паратисима во Европа

Карактеристиките на Паратисима придонесуваат за нејзина репликација во други градови и земји. Во 2012-та на пример, за прв пат се одржа Апаратисима Наполи, настан промовиран и ко-продуциран со Паратисима. Во јуни 2014 година, оваа иницијатива ќе се одржи во Скопје, Македонија додека од 2015 до 2017 година се предвидуваат нејзини изведби во Босна и Херцеговина, Полска и Германија.

## Паратисима Скопје

Од 13-ти до 15-ти јуни, во Младинскиот културен центар Скопје се организира првото издание на Паратисима Скопје. Настанот ќе вклучи млади уметници и креативци од целиот балкански регион, а веќе соработува со македонските институции и приватниот сектор. Се превидува учество на околу 100 млади македонски автори и над 20 странски изложувачи, пред сè од Италија. Настанот во Скопје, Македонија е организиран со институционална поддршка од Град Скопје, Град Торино и Торинската Стопанска комора. На интернационално ниво, Паратисима Скопје беше промовирана во ноември 2013, кога за време на Паратисима Торино (6-9 ноември), Македонија гостуваше како почесен гостин со активности и простор посветен на земјата и иницијативата.

## Промоција

Паратисима Скопје ќе биде промовирана во Македонија и Италија преку средствата за комуникација на иницијативата:

ВЕБ СТРАНА Околу 60.000 уникатни посети на веб платформата од септември до ноември и 465.000 посетени страници;
FACEBOOK Повеќе од 13.400 likes / 150.000 кориснички посети за време на настанот;
TWITTER 4.000 followers на twitter. Од 500.000 до 1.000.000 кориснички посети за време на месец ноември;
INSTAGRAM Повеќе од 2000 слики прикачени од Инстаграм корисници за време на настанот;
МЕДИУМСКА ПОКРИЕНОСТ Повеќе од 165 статии во дневните и најпрепознатливите медиуми на национално ниво.

**Паратисима Скопје | YLDA Associazione/ Континео 2020, Скопје**
**Седиште:** Via Mazzini 25 – 10100 Torino – I **Претставништво:** Митрополит Теодосие Голаганов бр. 28, 1000 Скопје
**T** +389 2614 20 17 **M** +389 78 363 954 **E** skopje@paratissima.it

CONTINEO